# СЛУЖБИ ЗА ПОСТАРИ И ОНЕСПОСОБЕНИ ЛИЦА

## *Служби за постари и онеспособени лица*

Службите за нега во домот и во заедницата (Home and Community Care - HACC Services) им пружаат поддршка на изнемоштените постари лица или на онеспособените лица за да можат тие да продолжат да живеат во своите сопствени домови и заедници наместо во дом за нега или во хостел. Службата за нега во домот и во заедницата има Службеник за културна разноликост (Cultural Diversity Officer) чија задача е да ги пружа и подобрува услугите на Службите за нега во домот и во заедницата на мултикултурните заедници.

Услугите што се пружаат опфаќаат:
Нега во домот (Home Care) - Помош со чистењето и со другите работи во и околу вашиот дом.
Лична нега (Personal Care) - Помош при капење, облекување и друга лична нега.
Одмена во негата (Respite Care) - Помош за лицата што се грижат за постари или за онеспособени лица.
Достава на храна (Meals on Wheels) - Достава на храна во вашиот дом.
Одржување на имотот (Property Maintenance) - Поситни поправки во вашиот дом за да се подобрат сигурноста или безбедноста.
Групи за општествена поддршка (Social Support Groups) - Активности за лицата што не се во можност да ги користат групите за постари граѓани.

Во Витлси исто така има групи што обезбедуваат општествени, спортски и слободни активности, натамошно образование и поддршка за постарите или за онеспособените лица. Општината исто така поддржува 50 клубови на постари граѓани и културни групи, вклучувајќи многу мултикултурни групи на постари граѓани. Многу од тие групи и активности се бесплатни.

Општината има службеници задолжени за одредени јазици што директно работат со италијанските, македонските и грчките заедници за да воспостават мрежи за општествена поддршка. Оваа служба исто така и стои на располагање на целата заедница.

Општината има специјален телефонски број (машина за пишување по телефон - Telephone Typewriter-TTY) што може да ја користат лицата што не можат добро да зборуваат или да слушаат. Бројот е 9217 2420.

На барање може да се добијат преведувачи за јазикот на знаци за да им се помогне на глувите луѓе да учествуваат во настаните што ги организира општината. Општината исто така дава информации печатени со крупни букви, на аудио лента или на компјутерски диск.

## *Поддршка за негувателите*

Општината им дава информации, совети и поддршка на луѓето што негуваат постари или онеспособени лица.

### *Паркинг за онеспособени лица*

Онеспособените лица може да добијат дозволи за паркирање што им овозможуваат да се паркираат на специјални места за паркирање блиску до продавниците и до службите. Во општината можете да дознаете како да поднесете барање за дозвола за паркирање за онеспособени лица (Disabled Parking Permit).

## Како да се јавите во Општината

Општината Витлси има Повеќејазична информативна служба (Multilingual Telephone Information Service) каде што може да се добие помош од преведувач. Оваа услуга е бесплатна, а можете да ја добиете ако се јавите на следните броеви

| | |
|---|---|
| عربي | 9679 9871 |
| Hrvatski | 9679 9872 |
| Ελληνικά | 9679 9873 |
| Italiano | 9679 9874 |
| Македонски | 9679 9875 |
| Malti | 9679 9876 |
| Türkçe | 9679 9877 |
| Việt-ngữ | 9679 9878 |
| All other languages | 9679 9879 |
| English | 9679 9880 |